Врз основа на член 14 став 4 од Законот за еднакви можности на жените и мажите на РМ („Службен весник на РМ " бр.6/12, 27/13, 46/15, 125/15 и 114/17) и Програмата за еднакви можности на Општина Битола за 2022 („Службен гласник на Општина Битола" бр. 22/21 од 29.12.2021 Општина Битола објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

за спроведување анкета на јавно мислење (baseline) во областа еднакви можности

1. **Вовед**

   Предмет на Јавниот повик е прибирање понуди за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации кои работат во областа еднакви можности за иразботка на анкета на јавно мислење

   Средства се обезбедени од Буџетот на Општина Битола за 2022 год. согласно Програмата за еднакви можности на Општина Битола за 2022 год. во делот:

   1. Анкета на јавно мислење / разбивање на родовите стереотипи и трансформирање на родовите улоги - 150 000 денари

   Оценувањето на пријавите ќе го врши Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Битола.

2. **Критериуми за аплицирање и бодување** (Максимум 100 бода)

   2.1. <u>Основни организациски критериуми</u> кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите се:

   2.1.1. Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16) и

   2.1.2. Да имаат седиште во Општина Битола

   2.2. <u>Посебни проектни критериуми</u> врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите се:

   2.2.1. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство од областа и општествената одговорност). **10**

   2.2.2. Опис на акција/проект (цели, резултати, активности, пристап) – подготвен репрезентативен анкетен прашалник. **70**

   2.2.3. Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост). **10**

   2.2.4. Буџет (активности кои се соодветно изразени во буџетот и оправданост на трошоците). **10**

3. **Временската рамка** за спроведување на анкетата ќе биде уредена со договор помеѓу здружението/фондацијата и Општина Битола најдоцна до декември 2022 год.

4. **Технички спецификации**

**4.1.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ОПШТИНА БИТОЛА**

Општина Битола е во фаза на изработка на стратешки документи кои се значајни за нејзиниот развој. Во наредниот период ќе се работи на изработка на Стартегијата развој, во која значајно место ќе им биде дадено на реалните потреби на мажите и жените.. За таа цел потребно е да се направи истражување на јавното мислење на граѓан(к)ите на општина Битола од родова перспектива.

**4.22. ПРАВНА ОСНОВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТНАТА ЗАДАЧА**

Анкетата како алатка за учество на граѓаните во креирање на јавни политики на локално ниво е наведена во член 30 од Законот за локална самоуправа, каде што е истакнато дека „при изготвување на прописите на општината, советот, односно градоначалникот може претходно да организира јавни трибини, да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните“. Анкетата е алатка која, доколку се користи правилно, може да претставува битен извор на информации за ставовите, перцепциите и потребите на сите граѓани од општината, вклучително и оние кои од различни причини не учествуваат директно во процесите на консултирање и донесување одлуки. Оваа алатка овозможува испитување на јавното мислење, односно утврдување на родовите стереотипши, како и добивање на информации за специфичните потреби на граѓаните. Истовремено, анкетата (добиентите и систематизирани податоци) нуди можност за родова обработка на податоците и моделирање и унапредување на услугите во овој дел од родовата еднаквост.

**4.3. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТНАТА ЗАДАЧА**

Со цел детектирање на потребите на мажите и жените во општина Битола потребно е да се направи истражување и соодветна анализа на родовите односи меѓу мажите и жените, преку спроведување на анкета на граѓаните.

Преку оваа анкета потребно е да се добијат соодветни информации за следниве сегменти:

- **ДЕМОГРАФСКИТЕ И СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСПИТАНИЦИТЕ**

Врз основа на овие податоци потребно е да се направи соодветна анализа за да се утврди која и каква категорија на луѓе имаат какви ставови за родовата рамноправност, кои се нивните потреби, проблеми и кои решенија ги посакуваат (возраст, пол, образование, занимање, економски индикатори)

- **СТАВОВИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

Во овој дел потребно е да се добијат податоци за да се утврдат разликите и јазот помеѓу мажите и жените во однос ставовите за родовата еднаквост. Имено треба да се утврди перцепцијата и вредностите на мажите и жените во однос на родовата рамноправнос.

- **ЛОКАЛНИ ПРОБЛЕМИ И ПРИОРИТЕТИ**

Врз основа на добиените податоци од овој дел, би требало да произлезе детална анализа за тоа каков е статусот на мажот и жените во однос на проблемите и да се утврди разлика во перцепциите на мажите и жените за приоритетите на општина Битола.

- **ПРИСТАП ДО УСЛУГИ**

Во рамките на овој дел потребно е да се добијат податоци за тоа колку и какви родови стереотипи се присутни помеѓу граѓаните, штп би овозможило и утврдување на потребите на мажите и жените за унапредување на постојните и дизајнирање на нови мерки за разбивање на родовите стереотипи и трансформирање на родовите улоги.

## 4.4 НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНКЕТАТА

а) Поставување план за испитување на јавното мислење, во кој ќе се дефинираат термините за започнување на секоја пооделна фаза;

в) Прашалниците за анкетата ги подготвува одбраниот изведувач на анкетата (конкурира со подготвен анкетниот примерок);

г) Спроведување на анкетата според утврден примерок;

д) Внесување на податоците во дата база во excel / spss и обработка на добиените резултати и изготување на предлог технички извештај/наод.

Со оглед дека анкетата ќе се спроведува во повеќе фази, здружението (НВО) е должно да биде во постојан контакт со општина Битола.

Избраното здружение / НВО треба да изврши теренско испитување на територија на општина Битола следејќи го претходно подготвениот репрезентативен примерок.

Заедно со извештајот, граѓанското здружение / НВО потребно е да ги достави резултатите од спроведената анкета во .xls (microsoft office excel) формат.

5. **Пријавата се доставува во архива или по пошта на адреса:**

   Општина Битола, Сектор за економски развој, јавни дејности и ИТ; Булевар „1 Мај“ бр.61; (со назнака - Пријава за јавен повик за еднакви можности ) во рок од 15 дена од денот на објавување на овој повик заклучно со 09.11.2022

   Пријавите доставени по е-маил нема да бидат разгледувани.

   Пријавите со нецелосна документација нема да бидат разгледувани.

6. **Користење на доделените средства**

   6.1. Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу здружението/фондацијата и Општина Битола.

   6.2. Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Битола го следи и наменското трошење на доделените средства.

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката на КЕМ.

Дополнителни информации или прашања може да се поставуваат на е-маил: angelevskaa@bitola.gov.mk

Бр.40 - 41/2
25.10.2022 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски